# МЕСЕЧЕН ПРЕГЛЕД

Декември 2016 година

**Следење на владеењето за раст во областа на правдата од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 (JuDGMeNT)**

---

Месечниот преглед се објавува во рамките на проектот „Следење на владеењето за раст во областа на правдата од Стратегијата за ЈИЕ 2020 (JuDGMeNT)", што го спроведува Институтот за европска политика, со финансиска поддршка од Регионалниот совет за соработка. Главна цел на проектот е воспоставување на структуриран механизам од граѓански организации за следење на исполнувањето на мерките/инструментите/приоритетите од димензијата *Правда*, согласно Стратегијата за ЈИЕ 2020. Овие мерки се:

П.1. Подобрување на ефикасноста и компетентноста: преглед на квалитетот, ефикасноста и компетентноста на судиите и судовите;

П.2. Подобрување на судската соработка во слободен пристап до информации, спроведување прекугранични извршувања и прекугранична постапка во стечај, преземања и спојувања;

П.3. Поддршка на алтернативното решавање на спорови (АРС): Воведување или подобрување на законската рамка за АРС и овозможување на соодветна правна и институционална соработка со судскиот систем и системот за спроведување.

Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк:
http://www.epi.org.mk/newsDetail_mk.php?nwsid=131

---

## Квалитет, компетентност и ефикасност на судиите и судството

### Академија за судии и јавни обвинители

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" се' уште нема споделено информации во врска со отпочнувањето на наставата на шестата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители, што се должи на постапките кои се водат пред Управниот и Вишиот управен суд, а во врска со изборот на слушатели на почетна обука.

Во текот на декември, Академијата продолжи со своето редовно работење од аспект на организирани обуки, согласно предвидените активности во рамки на задолжителната континуирана обука за судии, јавни обвинители, претседатели на судови и јавни обвинители на јавни обвинителства,[1] како и задолжителната и доброволната обука за судски и јавнообвинителски службеници[2]. Така, беа одржани советувања и обуки на следните теми:

- **„Забрана за мачење – Член 3 од ЕКЧП/Недостаток на ефикасна истрага"** наменето за јавни обвинители и стручни соработници од сите апелациони

[1] http://www.jpacademy.gov.mk/upload/KATALOZI/plan%20za%20obuka%203.pdf
[2] http://www.jpacademy.gov.mk/upload/KATALOZI/1%20plan%20za%20obuki.pdf



Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Регионалниот совет за соработка во рамките на спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020.
Ставовите наведени во овој документ не треба да се подразберат како одраз на официјалните ставови на Регионалниот совет за соработка.
+3892 3 280 110 ; contact@epi.org.mk ; www.epi.org.mk

подрачја, за претставници од Министерството за внатрешни работи и за претставници од Министерството за правда;

- **"Судир на интереси / Антикорупциски мерки / Етика и етички кодекс"** наменето за судии поротници од сите судови во Република Македонија;
- **„Постапка за спроведување на попис" наменето** за јавнообвинителски службеници кои се задолжени за попис од сите обвинителства во Република Македонија; понатаму
- **обуки за адвокати и судии и судски советници за жалбите пред ЕСЧП, како и тековната судска пракса на ЕСЧП во поглед на член 1 од Протокол 1, организирано од** Академијата во соработка со Министерството за правда во рамките на Твиниг проектот на Латвија и Хрватска „
- **Зајакнување на владеењето на правото**", а наменета за адвокати и судии и судски советници;
- советување на тема: **„ Буџет и буџетски процес"** наменето за службеници вклучени во составувањето на буџетскиот циркулар и следењето на буџетскиот процес во судовите од сите подрачја.

Исто така Академијата организираше работна средба за воедначување на судската пракса на ниво на апелациони судови во Република Македонија на која учествуваа судиите и претседателите на одделите на сите Апелациони судови.

Во текот на месец декември на официјалната веб страна на Академијата беа објавени презентациите од предавањата одржани во рамки на регионалната конференција на тема „Намалување на користење на интернетот за терористички цели" која беше одржана на 16 и 17 ноември во соработка со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) – Оддел за транснационални закани.[3]

## Мониторинг на судски постапки[4]

Во текот на месец декември судењето за членовите на Левица, Здравко Савески и Владимир Куновски, кои се обвинети за учество во протестите, беше одложено поради болест на еден од обвинетите.

На 16 декември се одржа судењето по предметот К.бр 1904/16 во врска со настаните пред Општина Центар, каде обвинетите се теретат за извршено кривично дело насилство. На расправата присуствуваа сите повикани лица меѓу кои и обвинетиот Никола Груевски – кој за прв пат присуствуваше на расправата. Судија во овој предмет е Татјана Михајлова, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје која беше назначена за Вршител на должност – претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје, 10 дена пред одржување на оваа расправа. Во текот на оваа постапка беа направени низа отстапувања од Законот за кривичната постапка.[5]

---

[3] http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/aea-o------------
[4] Од редовниот мониторинг на судски постапки на Коалицијата Сите за правично судење
[5] Петровска, Натали и Александра Богдановска, "Повреда на кривичната постапката или „двојни аршини„
http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2016/12/%D0%9F%D0%9E%D0%92%D0%A0%D0%95%D0%94%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%9A%D0%A0%D0%98%D0%92%D0%98%D0%A7%D0%9D%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%9F%D0%9E%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%9F%D0%9A%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%98%D0%9B%D0%98-%D0%94%D0%92%D0%9E%D0%88%D0%9D%D0%98-%D0%90%D0%A0%D0%A8%D0%98%D0%9D%D0%98.pdf

Предметот "Диво Насеље" во текот на месец декември требаше да се одржи на 16.12.2016 и 23.12.2016 година, но и покрај тоа што набљудувач од Коалицијата „Сите за правично судење" беше во судот, истиот не доби информација дали расправата се одржува. Наредната расправа е закажана за ден 27.12.2016 година.[6]

## Судски совет на РМ

Судскиот совет на ден 05.12.2016 година ја одржа 240-та седница на која донесе одлука со која за Вршител на должност – претседател на Врховен суд на Република Македонија беше определена Снежана Бајлозова, судија на Врховниот суд на Република Македонија, а за Вршител на должност – претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје беше определена Татјана Михајлова, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје. Воедно, беше констатиран престанок на функцијата на судии-поротници во Основен суд Прилеп,  а беше извршен и избор на судии-поротници на Основен суд Прилеп. На истата седница беше донесен и Заклучок дека Иницијативата на судијата Владимир Туфегџиќ од 28.11.2016 година не е основана и нема причини за преиспитување на Одлуката за вонредно оценување на кандидатите за претседатели на Врховен суд на Република Македонија, Апелационен суд Штип, Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Тетово.[7]

Судскиот совет на ден 09.12.2016 годинадонесе одлуки за вонредно оценување на кандидатите за претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје. Исто така беа, донесени се одлуки за времено упатување за вршење на судиска функција на:  судија Емина Калач од Основен суд Велес во Основен суд Скопје 1 Скопје, најдолго за период од 1 година од денот на упатувањето; и насудија Лилјана Додевска од Основен суд Радовиш во Основен суд Свети Николе, најдолго за период од 1 година од денот на упатувањето.[8]

Судскиот совет на ден 22.12.2016 година на својата 242-ра седница донесе одлуки за вонредно оценување на кандидатите за претседател на  Врховен суд на Република Македонија, Апелационен суд Штип и Основен суд Тетово решение за престанок на судиска функција на Снежана Шуплиновска, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје, поради наврешени 64 години, а беше констатиран и престанок на функција на судија-поротник во Основен суд Скопје 1 Скопје и на судија-поротник во Основен суд Велес, по сопствено барање.[9]

## Управен суд

Управниот суд ја прифати тужбата на Коалицијата за парламентарни избори 2016 година предводена од ВМРО-ДПМНЕ за гласачкото место 0396/1 во Гостивар за кое претходно Државната изборна комисија по поднесениот приговор од БЕСА одлучи дека е неопходно да се прегласува со образложение дека било ускратено правото да гласа на еден избирач затоа што веќе бил потпишан во избирачкиот список. Во образложениото Судот наведува дека доставениот приговор на партијата Движење БЕСА не содржи потпис, па оттука Државната изборна комисија немала право да

[6] Од редовниот мониторинг на судски постапки на Коалицијата Сите за правично судење
[7] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=479
[8] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=481
[9] http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=483

постапува по таквиот приговор, и следствено, Судот одлучи да нема прегласување на ова избирачко место.[10]

Управниот прифати и една тужба од Коалицијата предводена од СДСМ, со што одлучи да се прегласува на избирачкото место 2011 во Теарце[11] Според образложениeто на судиите од Управниот суд, на ова избирачко место е повреден изборниот закон со тоа што недостасува образец за констатирани неправилности во текот на гласањето. Во овој документ било запишано дека едно од гласачките ливичиња е откинато со перфорираниот дел од кочанот, за случајот не се изготвил записник, а општинската изборна комисија дозволила гласањето да продолжи. Останатите три тужби на Коалицијата предводена од СДСМ, Управниот суд ги отфрли како неосновани.

Забележително е дека во составот на Советите на прифатената тужба на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ беа и судии за кои во октомври 2016 година беше објавено дека биле сослушани од Специјалното јавно обвинителство во својство на осомничени лица за непостапување по закон при одлучување по тужби поврзани со локалните избори во 2013 година. Уставниот суд тогаш донесе одлуки да се повтори гласањето во општините Центар и Струга, каде што владејачката ВМРО ДПМНЕ изгуби на изборите, прифаќајќи ги нивните жалби што беа одбиени претходно од Државната изборна комисија.

Медиумите забележаа дека Управниот суд не се придржувал до член 150 став 2 од Изборниот законик според кој судот во одлуките по тужбите поврзани со изборите треба да го објави и начинот на гласање на секој судија поединечно.[12]

## Подобрување на судската соработка во слободен пристап до информации, спроведување прекугранични и прекугранична постапка во стечај, преземања и спојувања

Единствена активност на планот на некаква соработка на судските инстиуции во декември е студиската посета на Република Македонија од страна на делегација на Република Турција во состав Халил Коч - претседател на првиот оддел на Вишиот совет, Расим Алтин – член на првиот оддел на Вишиот совет, Емин Синмаз – член на третиот оддел на Вишиот совет и Билгин Башаран – генерален секретар. Тие го посетија Судскиот совет на Република Македонија на 22.12.2016 година.

Во текот на средбата беше презентирана организацијата и надлежноста на Советот, Академијата за судии и јавни обвинители, начинот на прием на кандидати во Академијата, изборот на судиите и разрешувањето.

[10] http://www.usskopje.mk/Odluki.aspx?odluka=20258
[11] http://www.usskopje.mk/Odluki.aspx?odluka=20255
[12] http://telma.com.mk/vesti/upravniot-sud-ne-go-pochituva-izborniot-zakonik

Членовите на Судскиот совет на Република Македонија размениja искуства со своите колеги и во разговор ги разгледале можностите за продлабочување на соработката во рамките на нивните надлежности.

## Поддршка на АРС: Воведување или подобрување на законската рамка за АРС и овозможување на соодветна правна и институционална соработка со судскиот систем и системот за спроведување- Медијација

Во текот на месец декември, продолжи активното постапување на лиценцираните медијатори[13] во предметите иницирани на барање на заинтересираните страни претежно од бизнис секторот, а согласно измените во ЗПП според кои, за стопанските спорови до 1.000.000,оо денари за кои е предвидено постапката да се поведува со тужба пред надлежен суд, обидот за медијација е задолжителен[14]. Меѓутоа, се уште не е надмината неусогласеноста во работењето на медијаторите во делот на обврската за пријавување на предметите за медијација во Министерството за правда со цел нивна евиденција во релевантниот регистар

Така, за месец декември, во Регистарот за евиденција на постапките на медијација кој го води Министерството за правда заведен е само еден предмет на медијација чиј исход е неуспешен обид за медијација. Ова не е одраз на вистинската состојба со практикувањето на медијацијата во Македонија и секако укажува на потребата од менување на законската регулатива во овој дел

Во овој месец заврши циклусот на семинари кои беа организирани од Асоцијацијата за поддршка на медијацијата формирана во Стопанската Комора на Македонија. Имено, на 01.12.2016 година се одржа последниот семинар за запознавање на бизнис заедницата со придобивките и предностите на постапката на медијацијата при решавањето на споровите пред се на стопанските спорови за кои обидот на медијација е задолжителен според Законот за парничната постапка. Семинарот беше одржан во Виница, а целна група беа правните лица од Виница,Кочани и другите околни градови. Сите одржани семинари беа бесплатни за учесниците, а предавањата беа организирани од лиценцираните медијатори кои активно ја практикуваат медијацијата во Македонија според важечкиот Закон за медијација.

Во текот на декември се реализира усвоениот Заклучок од првата конференција за медијација за ЈИЕ одржана во Загреб во месец октомври 2016 година, односно формирано е и Меѓународното здружение на медијаторите од Југоисточна Европа, со седиште во Загреб. Во ова здружение членуваат и медијатори од Македонија. Здружението има цел да ги здружува медијаторите од регионот заради размена на информации за тековните состојби, воспоставување на услови за соработка и настап во идни проектни активности е успешен и соработката ќе продолжи поинтензивно во иднина.

---

[13] http://www.justice.gov.mk/documents/medijatori_2.pdf
[14] Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15)